Д-р Александар
Симоновски
Институт за
национална историја –
Скопје

УДК 929 Атанасов,Б.
94:343.31 (093.2) "1947"

# ЗАПИСНИК ОД СОСЛУШУВАЊЕТО НА БОГЕ АТАНАСОВ ВЕЛЕСКИ НА 15 ЈАНУАРИ 1947 ГОДИНА

Документот кој го прикажуваме е поврзан со операцијата на Управата за државна безбедност (УДБ) во федерална Македонија за пронаоѓањето и апсењето на Миливој Трбиќ. Документот претставува записник од сослушувањето на Боге Атанасов Велески од УДБ – Прилеп извршено на 15 јануари 1947 година. Записникот постои во два облика: оригинал[1] и препис,[2] од кои оригиналот е напишан ракописно, додека, пак, преписот е напишан на машина за пишување. Записникот е депониран во Државниот архив на Република Македонија – Скопје, во фондот Републички секретаријат за внатрешни работи /ОЗНА-УДБ/, doss. 42200146 Трбиќ Василије Миливоје, АК 111/17.

Кој е Боге Атанасов Велески?

Роден е на 2 февруари 1905 година во прилепското село Црнилиште.[3] Во текот на Втората светска војна зел учество во равногорското движење во Македонија. По војната бил близок соработник на Трбиќ, кој се криел во прилепскиот крај од 1944 до 1947 година. Една од локациите на која неколку дена во Прилепско престојувал Трбиќ бил имотот на Велески во с. Браилово, за што соопштува и самиот Велески на сослушувањето спроведено од УДБ – Прилеп на 15 и на 19-20 јануари 1947 година. Пред тоа, Велески е

[1] Оригиналот го означуваме како документ 1.
[2] Преписот го означуваме како документ 2.
[3] Како место на неговото раѓање се среќава и прилепското село Браилово.

уапсен од УДБ, а од 14 јануари 1947 година се наоѓал во истражен затвор и неговото апсење е поврзано со операцијата на УДБ за пронаоѓањето и апсењето на Трбиќ. Откако Трбиќ бил уапсен, во Скопје, на 11 до 13 јуни 1947 година е одржан судски процес против Трбиќ, Велески и уште 4 други лица обвинети за кривични дела против народот и државата. Велески бил осуден на затворска казна од 15 години со присилна работа, 5 години губење на политичките и на граѓанските права освен родителските и конфискација на целиот имот. Била поднесена жалба на пресудата, но Врховниот суд на Народна Република Македонија на претресот одржан на 5 јули 1947 година ја одбил жалбата на Велески, кој казната ја издржувал во Казнено-поправниот дом „Идризово“ кај Скопје. Помилуван е со Указ од 29 ноември 1953 година. Живеел во с. Браилово.[4]

Зошто е значаен исказот на Боге Велески на сослушувањето од УДБ на 15 јануари 1947 година за операцијата за пронаоѓањето и апсењето на Миливој Трбиќ?

Откако во септември 1944 година во Прилепско се приклучил кон Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, Трбиќ набргу избегал од нивните редови и потоа неколку години се криел во прилепските села Гостиражни, Браилово, Рилево и Зрзе. Овие села се наоѓаат во северозападниот дел на прилепскиот крај, каде што за време на Втората светска војна дејствувало равногорското движење чиј припадник бил Трбиќ, кој вршел организирање на истото во Прилепско.

Во меѓувреме, во Македонија била организирана и започнала посочената операција на УДБ. Операцијата доживувала неуспеси до јануари 1947 година бидејќи на Трбиќ не можело да му се влезе во трага, не биле познати лицата кои му помагале да се крие, како и точната локација на која престојувал. На 15 јануари 1947 година УДБ го сослушала Велески и од неговиот исказ е дознаено точното место каде што се криел Трбиќ. Во еден документ на УДБ под наслов *Ликвидација на бандата Војче Трбиќ*, во кој е даден краток приказ на операцијата за пронаоѓањето и апсењето на Трбиќ, никаде не пишува дека Боге Велески открил каде точно се криел Трбиќ и притоа не е напишано ниту тоа место. Поточно, во документот само е забележано: „..преку тајно хапшење го добивме лицето каде требаше брзо да се дејствува, поправо зависеше дали ке бидит местото провалено или не...

---

[4] Државен архив на Република Македонија, Скопје (натаму: ДАРМ), фонд (натаму: ф.) Републички секретаријат за внатрешни работи /ОЗНА-УДБ/ (натаму: РСВР /ОЗНА-УДБ/), doss. 44101246 Велевски Атанас Боге, АК 182/23; doss. 42200146 Трбиќ Василије Миливоје, АК 111/17 (натаму: Досие на Трбиќ Василије Миливоје).

Време не смееше да се губи зато се одлучи шо во покусо време да се утврди каде е бандата. Уште истата нокј, со непрекидна работа се потврди и разбра каде се сокрива оружаната група, веке научивме во које село и каде се најдуват...“.[5] Меѓутоа, при истражувањата направени за ова прашање не најдовме друг документ или податок кој ќе ни укаже на друго лице кое било сослушувано од УДБ и кое го открило точното место каде што се криел Трбиќ, кој во односниот момент се криел во с. Рилево, во куќата на Блаже Маслароски.[6] Поради тоа, како и според натамошниот тек на операцијата, сметаме дека лицето во цитираниот дел од документот *Ликвидација на бандата Војче Трбиќ* е Боге Велески. Тој, на сослушувањето на 15 јануари 1947 година, по редослед ги навел местата и лицата каде што се криел Трбиќ од април 1946 година и на крај открил дека точното место е с. Рилево кај Блаже Маслароски.

Таквиот исказ на Велески значел сериозен исчекор за УДБ, која се доближила до посакуваната цел. Епилогот бил следниот. По зазорувањето на 16 јануари 1947 година, УДБ извршила упад кај Маслароски, но во тој момент Трбиќ и лицата што се криеле заедно со него – неговата невенчана жена Злата Маџоска[7] и Васил Јаневски[8] со својата невенчана жена Стојна Петрова, се криеле во скривницата која била направена во декември 1946 година кога Трбиќ дошол да се крие кај Блаже Маслароски и син му Петре Тренковски[9] во с. Рилево и која при претресот не била пронајдена.[10] Биле уапсени Маслароски и Тренковски, кои се спроведени во Прилеп, каде што се сослушани и ја разоткриле скривницата. По првиот неуспешен обид, акцијата на УДБ во с. Рилево истиот ден повторно продолжила, бидејќи се сметало дека Трбиќ и другите лица што се криеле со него би можеле да се префрлат

[5] ДАРМ, ф. РСВР /ОЗНА-УДБ/, Досие на Трбиќ Василије Миливоје, *Ликвидација на бандата Војче Трбиќ*, 4.

[6] Се среќава како Блаже Маслар.

[7] Родена е на 27 декември 1920 (1921) година во с. Самоков, Порече.

[8] Се среќава како Васил Јанески, Василе Велкоски, Васил Јоне(в)ски и Василие Јанковски. Роден е во август 1908 година во велешкото село Степанци. Како место на неговото раѓање се среќава и с. Браилово. По Втората светска војна бил секретар на месниот народен одбор во с. Браилово. Додека Трбиќ се криел во Прилепско, негов близок соработник бил и Васил Јаневски, од кого најчесто добивал информации за работата на власта (држување конференции и др.).

[9] Се среќава како Петре Маслар.

[10] ДАРМ, ф. РСВР /ОЗНА-УДБ/, Досие на Трбиќ Василије Миливоје, Записник од сослушувањето на Блаже Трајаноски Маслароски на 22 јануари 1947 година, Записник од сослушувањето на Боге Атанасов Велески на 19-20 јануари 1947 година; doss. 4700147 Унеркова Димко Злата, АК 258/4, Записник од сослушувањето на Злата Димкова Маџоска на 22 јануари 1947 година, 6-7.

во Порече. Но тие заминале во с. Зрзе кај Тасе Костадиноски.[11] Трбиќ, Маџоска, Јаневски и Петрова биле уапсени во Прилепско: „Пред да заминат од местото каде беја блокирани (во с. Рилево, б.н.), казале на жената од јатакот дека одат за село Зрзе... и дури определиле при кого... ова сведеније ни спомогна да ги уште истиот ден фатиме...", се истакнува во документот *Ликвидација на бандата Војче Трбиќ*.[12] Куќата на Тасе Костадиноски била опсадена и е извршен упад во неа. Трбиќ, Маџоска, Јаневски и Петрова се уапсени без борба на 16 јануари 1947 година.[13]

При споредбата на оригиналот и преписот се воочливи разликите (испуштени, додадени и поинаку напишани зборови) што ги направила УДБ во преписот. За да не ги повторуваме објаснувањата што се веќе направени во документот 1, во документот 2 е дадено објаснување само на оние места каде што имаше потреба. Подвлечените делови во документите се задржани и при објавувањето на извршените интервенции се предадени со големи загради – [ ]. На крајот приложуваме факсимили од двата документи.

## Документ 1

Работено во полномоштвото на У. Д. Б. Прилеп
на 15 – I – 1947 год.

Саслушане

На др[угаро] Боге Атанасов Велески од с. Браилово, женет[14] со 5 деца, писмен (самоук) неосудуван.
Го кажувам следното:
Војче[15] јет во Браилово од Април 1946 год. беше на стан кај Тодора Бошкоски[16] се до петкојен[17], а зато не обавести оти ке дојди Војче

[11] Се среќава како Тасе Сободоски и Тасе Сопот.
[12] ДАРМ, ф. РСВР /ОЗНА-УДБ/, Досие на Трбиќ Василије Миливоје, *Ликвидација на бандата Војче Трбиќ*, 5.
[13] Документационо одделение „д-р Велимир Брезоски" при Институтот за национална историја, Скопје, ф. Оставина на проф. д-р Велимир Брезоски, кутија 2. ДАРМ, ф. РСВР /ОЗНА-УДБ/, Досие на Трбиќ Василије Миливоје; doss. 47100148 Тодор Тасев Петревски, АК 256/11, Податоци за лицето Тодор Тасев Соподовски, с. Зрзе, 26 јануари 1948 година.
[14] Сопругата на Боге Велески се викала Ангелија, со моминско презиме Димевска.
[15] Миливој Трбиќ-Војче.
[16] Цветаноски. Се среќава како Тодор Бачко(в)ски, Тодор Бачко и Тодор Петровски.

Петре[18] од Маслара[19], од Рилево. А одевне кај Војче Јас, Тоде Чкероски, Драган Алексоски[20] и Василе В[елков] Јанески[21], имаше и некој други но занив неможам да тврдам а овије јас сум ги видел. На петкојен[22] Војче стана од кај Тодора и беше кај мене седеше 3 дена отука од кај мене замина за Зрзе а го испративне јас, Драган, и Тодор требаше да седи во Зрзе кај Ангеле Коцкар[23] но поради негонашол Ангелета дома заминал за Рилево, во Рилево седеше само една вечер и после поново се врати за Зрзе седеше пет-шест дена и поново се врати за Рилево и седи кај Блаже Маслар стано му је овој последни до пред 18 дена. Ова никој друг него знај од нашето село[24]. Јас го знам зато шо през кретането на Војче по разните станој јас имав појдено и најдзади бев пред 18 дена во Рилево кај Блажо масларо тој таму беше и немаше ништо за преместување зато према се тврдам да је таму.

Горното ми б[еш]е[25] прочитано и го признавам.

Потпис:

[своерачен потпис на Боге Атанасов Велески]

---

[17] Петковден – 27 октомври 1946 година. Во однос на времето на престојот на Миливој Трбиќ во куќата на Тодор Цветаноски, постојат различни податоци: до 27 октомври 1946 година, неколку дена по 27 октомври 1946 година и ноември 1946 година. Како најверодостоен треба да се смета датумот до 27 октомври 1946 година, а во прилог на тоа одат податоците од сослушувањето на синот на Цветаноски, Темелко, како и на Тодор Атанасовски, кој во една пригода кај Цветаноски ги видел Трбиќ, Маџоска и нивниот син, разговарал со него, за на сослушувањето од 24 јануари 1947 година да истакне: „Войче (Миливој Трбиќ, б.н.) седеше каи Тодора (Цветаноски, б.н.) до Петровден (Петковден, б.н.) 1946 год., се премести отаде зошто на тодора му беше славата и се плашеше да не го видат гостите што ке идат". ДАРМ, ф. РСВР /ОЗНА-УДБ/, Досие на Велевски Атанас Боге, Записник од сослушувањето на Боге Атанасов Велески на 19-20 јануари 1947 година, 2; Досие на Унеркова Димко Злата, Записник од сослушувањето на Злата Димкова Маџоска на 22 јануари 1947 година, 6; Досие на Трбиќ Василије Миливоје, Во врска со истрагата на групата Трбиќ провалени се следните лица – 24 април 1947 година, Записник од сослушувањето на Петкана Цветанова Аризанкоска на 4 јануари 1947 година, 2; doss. 44100147 Петревски Тодор Темелко, АК 190/10, Записник од сослушувањето на Темелко Тодоров Петрески на 25 јануари 1947 година, 1; doss. 47100147 Атанасовски Ѓорѓи Тодор, АК 260/12, Записник од сослушувањето на Тодор Георгиев Атанасовски на 24 јануари 1947 година.

[18] Петре Тренковски.

[19] Блаже Маслароски.

[20] Од с. Браилово.

[21] Васил Јаневски.

[22] Петковден.

[23] Ангеле Станкоски. Се среќава како Ангеле Вељаноски и Ангеле Коцкароски.

[24] Браилово.

[25] Документот е оштетен, но, според текот на реченицата, зборот е *беше*.

Во истио стан се најдува и ново избеганио Василе В[елков] Јанески[26] заедно со љубовницата[27]. Оружје има 2 пушки и 1 леворвер[28].

Потпис:
[своерачен потпис на Боге Атанасов Велески]




[26] Васил Јаневски.
[27] Стојна Петрова.
[28] Револвер.



Во [illegible] се [illegible] и ново избегнало
Восило В. Јонести заедно со [illegible].
Оружје има 2 пушки и 1 револвер.

Dosie br. 310
Prilog br. 7
Strana br. 1

**Документ 2**

Работено во полномоштвото на УДБ Прилеп на 15.I.1947 год.

С А С Л У Ш А Н Й Е
- - - - - - - - - - - - - - - - -

На другаро Боге Атаносов[29] Велески, од с. Браилово, женет со 5 деца писмен /самоук/, неосудуван.

Го кажувам следното:

Войче йет во во Браилово од април 1946 год. беше на стан кай Тодора Бошкоски се до Петровден[30], зато не обавести оти ке дойди Войче, Петре од Маслара, од Рилево. А одевме кай Войче йа, Тоде Чкероски, Драган Алексоски и Василе В. Йонески,[31] имаше и некой други но за нив неможам да тврдам а овийе йас сум ги видел. на Петровден[32] Войче стана од кай Тодора и беше кай мене седеше 3 дена отука од кай мене замина за Зрзе а го испративме йас, Драган и Тодор требаше да седи во Зрзе кай Ангеле Коцкар но поради не го нашол Ангелета дома заминал за Рилево, во Рилево една вечер и после поново се врати за Зрзе, седеше пет-шес дена и поново се врати за Рилево и седи кай Блаже Маслар стано овай му је последен до пред18 дена. Ова друг никой не го знай од нашето село. Йас го знам зато што през кретанйето на Войче по разните села кой йас имав пойдено и

[29] Атанасов.
[30] Петковден – 27 октомври 1946 година.
[31] Васил Јаневски.
[32] Петковден.

найзад бев пред 18 дена во Рилево кај Блаже Масларо той таму беше и немеше ништо за преместуванйе, зато према све тврдам да йе таму.

Горното ми беше прочитано и го признавам.

Потпис:
Боге А. Богески[33] с.р.

Во истио стан се найдува и ново избеганио Василе В. Йонески[34] заедно со лйубовницата. Оружје имат 2 пушки и 1 леворвер.

Потпис:
Боге А. Велевски[35] с.р.



Dosie br. 310
Prileg br. 7
Strana br. 1

21

Работено во полномоштвото на УДБ
Прилеп на 15.I.1947 год.

С А С Л У Ш А Н Й Е

На другаро Боге Атаносов Велески, од с.Браилово, женет со 5 деца писмен /самоук/, неосудван.

Го кажувам следното:

Войче йет ва во Браилово од април 1946 год. беше на стан кай Тодора Бошкоски се до Петровден, зато не обавести оти ке дойди Войче, Петре од Масларa, од Рилево. А одевме кай Войче йа, Тоде Чкероски, Драган Алексоски и Василе В.Йонески, имаше и некой други по за нив неможам да тврдам а овийа йас сум ги видел. на Петровден Войче стана од кай Тодора и беше кай мене седеше 3 дена отука од кай мене замина за Зрзе а го испративме йас, Драган и Тодор требаше да седи во Зрзе кай Ангеле Коцкар но поради не го нашол Ангелета дома заминал за Рилево, во Рилево една вечер и после поново се врати за Зрзе, седеше пет-шес дена и поново се врати за Рилево и седи кай Блаже Маслар стано овай му йе последен до пред18 дена. Ова друг никой не го знай од нашето село. Йас го знам зато што преко кретанйето на Войче по разните села кой йас имав пойдено и найзад бев пред 18 дена во Рилево кай Блаже Масларо той таму беше и немеше ништо за преместуванйе, зато према све тврдам да йе таму.

Горното ми беше прочитано и го признавам.

Потпис:
Боге А.Богески с.р.

Во истио стан се найдува и ново избеганио Василе В.Йонески заедно со лйубовницата. Оружйе имат 2 пушки и 1 леворвер.

Потпис:
Боге А.Велевски с.р.

[33] Велески.
[34] Васил Јаневски.
[35] Велески.